# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

**проф д-р Зоран Михајлоски**

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Ако судот донесе правосилна одлука со која е утврдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, **работникот има право да се врати на работа** ако тоа го бара.

Работодавачот е должен на работникот да му исплати **надомест на штета** согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и да му уплати придонеси за задолжително социјално осигурување.

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Ако судот со правосилна одлука утврди дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, а за работникот ***не е прифатливо*** да остане во работен однос:

- судот на барање на работникот ќе го **определи денот на престанокот** на работниот однос и
- ќе му досуди ***надомест на штета***

(член 102 став 4 од Законот за работните односи)

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Кога судот ке донесе одлука за престанок на договорот за вработување и кога ќе го **определи денот на престанокот** на работниот однос:

- може да ја донесе и на ***барање на рботодавачот***
- ако ***постајат околности*** кои оправдано укажуваат дека
- продолжување на работниот однос, со уважување на интересите на двете страни , ***не е можен***.

*(уште од времето на објавувањето на основниот текст на Законот за работните односи па се до објавувањето на неговиот Пречистен текст во „Сл. весник РМ" бр.16/2010 , се повторува грешката која се состои во тоа што вместо бројката – став 1, треба да стои бројката – став 5)*

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Работодавачот и работникот можат барањето за престанок на договорот за вработување да го поднесат до ***окончувањето на главната расправа*** пред првостепениот суд.

Со одредбата од член 102 став 4, 5 и 6 од Законот за работните односи на **посебен начин** го регулира прашањето на престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда.

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Поради својата сложеност, овој работноправен институт треба мошне внимателно:

- да се толкува и во практиката применува, бидејќи
- имплицира повеќе материјално-правни и процесни прашања ,
- пред се, е задача на надлежните судови.

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Начин на кој тужителот (работникот) може да го постави барањето за престанување на важноста на договорот за вработување:

- со **тужба** во која, пред се, поставува барање судот да ја поништи како незаконска одлуката за отказ на договорот за вработување и во исто време може да постави и барање судот да го определи денот на престанокот на работниот однос

- тужителот тоа може да го стори и во текот на парничната постапка, **со посебен поднесок** до окончување на главната расправа.

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Далеку покомплицирано е прашањето како треба да постапи **тужениот-** работодавач при поставување на барањето согласно член 102 став 5 од ЗРО. Тужениот тоа може да го стори само во вид на **противтужба** согласно член 179 од ЗПП.

*(станува збор за самостојно барање-самостојна тужба и упатно е да се поднесе со посебен поднесок, насловен како противтужба, а не и со некој друг поднесок, познато во правната теорија, како конексна противтужба бидејќи е во директна врска со поставеното тужбено барање од страна на тужителот).*

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Во случај кога од страна на второстепениот суд жалбата на една од странките ќе биде уважена и предметот ќе биде вратен на повторно судење, без оглед на тоа дали тужбеното барање е усвоено или одбиено, странките имаат право во текот на повторното судење, а до окончувањето на главната расправа, да **постават барање** согласно член 102 став 5.

Судот е должен во понатамошнитот тек на постапката да провери дали се **основани наводите** на работникот дека за него не е прифатливо да остане во работен однос кај тужениот работодавач.

# ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО СУДСКА ПРЕСУДА

Ден на престанување на важноста на договорот за вработување, односно на престанокот на работниот однос, ќе биде:

- **денот кога е одржана главната** расправа пред првостепениот суд,
- по предлог на странките (работникот и работодавачот) тоа може да биде и некоја друга дата.

Во случај на престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска одлука работникот, има право да бара и **надомест на штета** (еднократен износ )